РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-826/3

02-06-2026 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на 32-та седница одржана на 22.05.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-2876/1 од 30.10.2025 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконско постапување на кандидатот за градоначалник на општина -------------, ---------- ----------- во изборната кампања на Локални избори 2025 година, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај од причина што предметните наводи не упатуваат на повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот Законик.

Предметот со број 12-2876/1 од 30.10.2025 година да се затвори и да се архива.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

На ден 30.10.2025 година, врз основа на информации објавени во медиумите, ДКСК оформи предмет по сопствена иницијатива со број 12-2876/1 од 30.10.2025 година во врска со настан на кој кандидатот за градоначалник на општина ------------, ---------- ----------- во просториите на приватната здравствена установа Клиничка болница „------------- -------------" давал ветување дека по неговиот избор за Градоначалник на општината ќе отпочне со активности поврзани со превентива кај женската популација над 50-години за да добијат бесплатен преглед за заштита од остеопороза.

Во насока на проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба, ДКСК побара од општина ---------- и политичката партија --------- --------- да достават податоци и информации со прилог документација во врска со предметниот случај.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По разгледување на добиените одговори и целокупната документација по предметот, ДКСК го констатира следново:

Општината Карпош извести дека не располага со податоци за склучен договор помеѓу кандидатот за Градоначалник на ------------, ---------- ----------- и приватната здравствена установа Клиничка болница „------------- -------------“ во врска со предметниот настан одржан во просториите на предметната здравствена установа.

Во доставеното известување од ПП -------- - -------- се наведува дека пријавениот настан не бил организиран од оваа политичка партија и за истиот не било извршено плаќање од страна на политичката партија кон Клиничката болница „------------- -------------“, ниту пак истиот настан се смета за донација кон предметната политичка партија.

Имајќи го во предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека дадената изјава на кандидатот за градоначалник не претставува активност која е поврзана со одржување на јавен настан по повод настани кои се таксативно наведени како забранети активности во членот 8 - а став 2 алинеја 1 од Изборниот Законик, и во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а предметните наводи не упатуваат на повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот Законик.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК